# С Т А Т У Т

## НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“- ПРИЛЕП

Скопје, 18 септември 2026 година (пречистен текст)

Врз основа на член 20 од Уставот на Република Северна Македонија и член 2 од Законот за здруженија на граѓани и фондации, Собранието на Македонскиот театарски фестивал

„Војдан Чернодрински“ на седницата одржана на 7 март 2024 година донесува:

# С Т А Т У Т

## НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“– ПРИЛЕП

(пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**член 1**

Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински“–Прилеп (во понатамошниот текст: Фестивалот) е културна манифестација од посебен општествен интерес.

Фестивалот има цел да го стимулира, да го поттикнува, да го развива и да го унапредува театарското творештво посебно драматуршкото, режисерското, актерското, костимографското, сценскоизведувачкото и сл. во и надвор од неа.

**член 2**

Фестивалот се одржува секоја година во јуни. Седиштето на Фестивалот е во Прилеп, со адреса: НУЦК „Марко Цепенков“; бул. „Гоце Делчев“ бр. 18, Прилеп.

**член 3**

Фестивалот има својство на правно лице, со своја жиро-сметка што се води при Комерцијална банка АД, Скопје, во филијалата во Прилеп. Фестивалот го застапува и го претставува претседателот на Собранието - уметничкиот директор на Фестивалот (во понатамошниот текст: уметнички директор).

**член 4**

Фестивалот има печат и штембил. Печатот има тркалезна форма и во средината печатот го содржи текстот: **Македонски театарски фестивал**

**„Војдан Чернодрински“, Прилеп**. Штембилот има правоаголна форма и има содржина како во претходниот став со додаток за деловоден број и датум. Фестивалот има свој меморандум, свое лого и свој комплетен визуелен идентитет.

**член 5**

Конститутивни членки на Фестивалот се професионалните театарски институции во Република Северна Македонија и Факултетот за драмски уметности, Скопје застапени со по еден претставник и/или негов заменик.

**член 6**

На Собранието на Фестивалот можат да му пристапат со свои претставници и други вонинституционални групи, приватни театри и сл. доколку имаат својство на правно лице и се регистрирани за вршење дејност од областа на културата.

За нивниот прием одлучува Собранието на Фестивалот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

**член 7**

Фестивалот се одржува секоја година. Почетокот на Фестивалот го дефинира уметничкиот директор, најдобро во првиот или вториот петок во јуни и трае 8 (осум) дена.

**член 8**

Цели и задачи на здружението се:

- Да го стимулира, да го развива, да го унапредува театарското творештво посебно драматуршкото, актерското, режисерското и сценскоизведувачкото во Република Северна Македонија и надвор од неа,
- Да промовира и да објавува театарска и театролошка литература,
- Да ја развива и да ја унапредува театарската уметност преку одржување разни трибини, семинари, симпозиуми и сл.
- Да ги презентира најдобрите театарски остварувања - претстави создадени во Република Северна Македонија,
- Да ги презентира театарските претстави што се создадени надвор од нашата држава, работени врз текстови од автори кои се државјани на Република Северна Македонија,
- Да ги поддржува и да ги промовира младите автори од областа на театарот преку нивно ангажирање во сите активности и програмски содржини на Фестивалот,
- Да се грижи за зачувување на театарската меморија.

## II. ПРОПОЗИЦИИ ЗА УЧЕСТВО НА ФЕСТИВАЛОТ

**член 9**

Фестивалот има натпреварувачки карактер.

Структурата на програмата на Фестивалот се состои од:

-официјална програма,

-придружна програма,

-претстави по покана.

**член 10**

Во официјалната програма можат рамноправно да учествуваат и да се натпреваруваат за награди претставите од Република Северна Македонија (од професионалните театри како и други приватни театри, вонинституционални групи, ад хок групи и сл., ако претставите се работени од професионални актери и доколку ги исполнуваат условите во член 6 од овој Статут).

Наградите што се доделуваат во овој дел од програмата се регулирани со Правилникот за работа на оценувачката комисија.

**член 11**

За придружната програма можат да бидат избрани претстави, перформанси, други програми и културни содржини кои се работени во Република Северна Македонија согласно со член 9 од овој Статут, како и претстави од други држави кои се работени врз текстови од домашното драмско творештво, односно од автори државјани на Република Северна Македонија.

Во овој дел од програмата може, но и не мора, да се додели една награда, во зависност од одлуката на уметничкиот директор и Собранието на Фестивалот.

**член 12**

За претстава по покана може да биде избрана претстава согласно со член 10 став 1 од овој Статут.

**член 13**

Уметничкиот директор е должен да ја следи целокупната театарска продукција во Република Македонија и во договор со директорите, менаџерите или продуцентите да ги гледа претставите. Претставите кои ќе ги избере треба да бидат од продукцијата на институциите во последните две години.

Од една институција или друг субјект набележан во член 9 од овој Статут, уметничкиот директор може да избере само една претстава, а по исклучок само во еден случај може да избере две претстави од една институција.

**член 14**

Уметничкиот директор го врши изборот на претставите за официјалната и за придружната програма, како и на претставите по покана.

**член 15**

Во официјалната програма уметничкиот директор избира претстави кои одговараат на концептот што треба да го образложи пред Собранието на Фестивалот, според начините утврдени со овој Статут.

Во обемот на придружната програма на Фестивалот нема ограничување и истиот е во зависност од финансиите, просторните и техничките можности со кои располага Фестивалот.

**член 16**

Уметничкиот директор официјалната и придружната програма ја соопштува пред Собранието на Фестивалот најдоцна до 5 мај во тековната година.

## III. ТЕЛА НА ФЕСТИВАЛОТ

**член 17**

Со работата на Фестивалот управуваат конститутивните членки преку следните тела:

- Собранието на Фестивалот,
- Надзорниот одбор на Фестивалот,
- Уметничкиот директор на Фестивалот.

**член 18**

Собранието е највисок орган на управување на Фестивалот и него го сочинуваат сите претставници на конститутивните членки застапени со по еден претставник.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

Конститутивните членки од член 5 на овој Статут, сами го избираат својот претставник и неговиот заменик за Собранието.

**член 19**

Права и надлежности на Собранието:

1. донесува и изменува Статут, Програма, Финасиски план, Правилници за работа и други акти,
2. усвојува Годишен извештај и завршна сметка за работата на Фестивалот,
3. одлучува за промена на целта на здружувањето,
4. одлучува за основање и укинување на ограноците и други облици на организирање на Фестивалот,
5. одлучува за здружување или разделување од друго здружение, за членување во сојузи и меѓународни организации,
6. констатира прием на нови членки и престанок на членувањето,
7. избира Надзорен одбор и уметнички директор на начин утврден со овој Статут,
8. ја доделува наградата за животно дело,
9. одлучува за престанок на Фестивалот со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови,
10. донесува и други одлуки во врска со успешното одржување на Фестивалот.

**член 20**

Собранието работи на седници што ги свикува уметничкиот директор по потреба, а најмалку два пати годишно.

Седница на Собранието може да биде свикана и по предлог на Надзорниот одбор или на барање на една третина од вкупниот број членови на Собранието.

Ако уметничкиот директор во рок од 15 дена од денот по дадениот предлог/барање не свика седница, тогаш седницата ја свикуваат предлагачите иницијатори.

Седницата се закажува по писмен пат со покана најмалку 3(три) дена пред нејзиното одржување.

**член 21**

Собранието може да работи и да одлучува ако на него присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број членови.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со овој Статут не е предвидено поинакво мнозинство.

На Собранието се одлучува со јавно гласање, доколку истото не донесе одлука за тајно гласање по одредено прашање.

**член 22**

Собранието од редот на истакнати културни работници од Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира уметнички директор по пат на јавно гласање.

Предлог за уметнички директор може да даде Надзорниот одбор и секој член на Собранието поддржан од најмалку тројца членови од Собранието.

Мандатот на уметничкиот директор е четири години со можност за повторен избор.

Уметничкиот директор не мора да биде од редот на претставниците на конститутивните членки на Собранието.

- Во случај на истек или предвремен престанок на мандатот, како и во случај на неможност за вршење на функцијата, Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број членови, може да избере вршител на должноста претседател на Собранието и вршител на должноста уметнички директор. Мандатот на вршителот на должноста трае до изборот на претседател на Собранието, односно уметнички директор по спроведен јавен оглас, но не подолго од шест месеци од денот на изборот. Во овој рок Собранието е должно да изврши избор на претседател на Собрание и уметнички директор.

**член 23**

Уметничкиот директор:

- го застапува и го претставува Фестивалот,
- ги подготвува седниците на Собранието заедно со секретарот,
- свикува седници на Собранието и иницира свикување на седници на Надзорниот одбор,
- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието,
- управува и одговара за управувањето на имотот на Фестивалот,
- ја утврдува целосната програма на Фестивалот,
- предлага до Собранието Програма за работа на Фестивалот, како и Правилник за избор на жири-комисијата,
- изготвува Годишен извештај за работата на Фестивалот заедно со Надзорниот одбор на Фестивалот,
- ги назначува водителите на тркалезната маса, медијатори за разни трибини, симпозиуми, промотори и другите активности на Фестивалот,
- доколку има потреба формира оперативен тим од надворешни лица кој му помага во работата,
- за збогатување на содржината и квалитетот на Фестивалот, соработува со соодветни институции, организира изложби, трибини и работилници, креира истражувачки проекти, договара гостување на истакнати уметници и професионалци од областа, организира симпозиуми, промоции на театарска литература и др.,
- склучува договори со разни соработници за потребите на Фестивалот,

- ја предлага до Надзорниот одбор висината на паричните награди што се доделуваат како и паричниот надоместок за жири-комисијата,
- се грижи за навремено обезбедување на финансиски средства.

**член 24**

Собранието од својот состав избира Надзорен одбор од 3 (три) члена.

**член 25**

Членовите на Надзорниот одбор се избираат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Собранието.

Предлог може да даде секој член на Собранието.

Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае четири години со можност за повторен избор.

**член 26**

Надзорниот одбор:

- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од страна на Собранието,
- управува и одговара за управувањето со имотот на Фестивалот,
- изготвува Годишен извештај за работата на Фестивалот,
- по предлог на уметничкиот директор ја утврдува висината на паричните награди на Фестивалот,
- по предлог на уметничкиот директор ја утврдува висината на паричниот надоместок за жири-комисиіата,
- ја утврдува висината на паричниот надоместок за уметничкиот директор,
- се грижи за финансиските средства и за успешна реализација и организација на Фестивалот,
- во исклучителни ситуации утврдува друг термин за одржување на Фестивалот по предлог на уметничкиот директор,
- на седниците на Надзорниот одбор задолжително присуствува уметничкиот директор.

**член 27**

Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

## IV. СТРУЧНИ И ПОМОШНИ ТЕЛА НА ФЕСТИВАЛОТ

**член 28**

Стручни и помошни тела на Фестивалот се:

- секретарот,
- жири-комисијата.

**член 29**

По предлог на уметничкиот директор, Надзорниот одбор избира секретар на Фестивалот со мнозинство гласови.

Мандатот на секретарот трае четири години со можност за повторен избор.

Секретарот не мора да биде од редот на членовите на Собранието и во таков случај нема право на глас во Собранието.

**член 30**

Секретарот се грижи за правилно спроведување на Статутот и другите акти како и одлуките на органите и телата на Фестивалот за навремено известување на членовите, за навремено доставување на материјалите за седниците, за книговодствената документација, прима и испраќа пошта, подготвува или учествува во подготовките на разни правилници и други акти. Се грижи за архивата на Фестивалот, за техничко-организационите работи околу одржувањето на Фестивалот. Во работата му помага технички секретар од редот на вработените во Центарот за култура во Прилеп.

**член 31**

За вреднување на претставите во натпреварувачкиот дел од Фестивалот (официјалната програма) Надзорниот одбор, по предлог на уметничкиот директор,

избира жири-комисија од три или пет члена, најдоцна до 15 мај во тековната година.

Мандатот на членовите на жири-комисијата трае една година со можност за повторен избор.

Членови на жири-комисија не можат да бидат лица кои се во директно својство или непосредно ангажирани во преставите во натпреварувачкиот дел од Фестивалот.

**член 32**

Правата, обврските и начинот на работата се регулирани со посебен Правилник за работа на жири-комисијата.

## V. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛОТ

**член 33**

За вршење на дејноста, Фестивалот потребните средства ги обезбедува

преку:

- Министерството за култура,
- локалната самоуправа,
- спонзорство,
- други донации,
- сопствени средства (од продажбата на влезниците).

**член 34**

Финансиското работење се врши преку Годишните финансиски планови во кои се утврдуваат расходите и приходите.

Потписник за извршување на Финансискиот план е уметничкиот директор на Фестивалот.

**член 35**

Техничко-организационен работи ги врши НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 36**

Во случај на престанок на работата на Фестивалот неговиот имот преминува во сопственост на НУЦК „Марко Цепенков“, Прилеп.

**член 37**

Статутот се донесува по пат на тајно гласање на членовите на Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по претходна расправа по однос на неговата содржина.

**член 38**

Иницијатива за донесување на нов Статут може да покрене: Надзорниот одбор и најмалку една третина од вкупниот број членови на Собранието.

**член 39**

Измени и дополнувања на Статутот се вршат по истата постапка како и при неговото донесување.

**член 40**

Автентично толкување на Статутот дава Собранието.

**член 41**

Статутот влегува во сила со денот на неговото донесување.

претседател на МТФ „Војдан Чернодрински“

*Ана Стојаноска*